Врз основа на член 128, став 1, алинеја 7 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија" бр. 114/06), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТИТЕ И ДЕЈНОСТИТЕ ШТО СЕ ВО СУДИР СО ПОЛИЦИСКИТЕ РАБОТИ

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат работите и дејностите што се во судир со полициските работи.

Член 2

Полицискиот службеник не треба да ги врши следните работи и дејности, кои се во судир со полициските работи:

- работи за меѓународни организации;
- работи за странски државни органи;
- работи од областа на осигурувањето;
- давање на стручен наод и мислење (вештачење) од областа на полициските работи;
- работи од областа на обезбедувањето на лица и имот;
- детективски дејности.

Член 3

Покрај работите и дејностите од членот 2 на овој правилник, полицискиот службеник не треба да врши работи и дејности што по својата природа се во непосредна поврзаност и сродност со полициските работи што ги врши на работното место на кое е распореден и чие вршење би влијаело врз законското и правилното извршување на полициските работи.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 11.11.2007 година.

Бр. 131-31074/1
7 мај 2007 година
Скопје

Министер,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.